# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 5 јули 2025*

## НАГРАДА ЗА СЛУЖБА I
## (Елена Вајт – Евангелски работници, 376-378)

Христос рекол: „*Кога даваш ручек или вечера, не повикувај ги своите пријатели, ни твоите браќа, ни своите роднини, ниту богатите соседи, за да не те повикаат и тие и да ти биде вратено. Туку кога даваш гозба, повикај ги бедните, сакатите, хромите и слепите! И ќе бидеш блажен, зашто немаат со што да ти вратат! Ќе ти биде вратено при воскресението на праведниците*“ (Лука 14, 12-14).

Со овие зборови Христос ја истакнува разликата меѓу себичните обичаи и несебичната служба. Тој ни покажал пример на несебична служба со својот живот. За таквата служба Тој не нуди награда во световна добивка или признание. Но, затоа додава: „*Ќе ти биде вратено при воскресението на праведниците*.“ Тогаш ќе се покажат резултатите за сечиј живот и секој поединец ќе го пожнее тоа што го посеал.

За секој што работи за Бога оваа мисла треба да биде поттик и охрабрување. Во овој живот нашата работа за Бога често изгледа како сосема бесплодна. Нашите напори да правиме добро можат да бидат сериозни и истрајни, но нам, можеби, нема да ни биде дозволено да ги видиме неговите резултати.

Може да ни изгледа дека нашите напори биле потполно залудни. Меѓутоа, Спасителот нè уверува дека нашето дело е забележано на Небото и наградата не може да изостане.

Апостолот Павле, поттикнат од Светиот Дух, вели: *Да не бидеме уморни да правиме добро, зашто ќе жнееме во право време, ако не се умориме* (Галатите 6, 9). Во списите на псалмите читаме: „*Одеа со плачење, носејќи го семето за сеење: навистина ќе се враќаат со песна, носејќи ги своите снопови!*“ (Псалм 126, 6)

Иако големата конечна награда се дава кога Христос повторно ќе дојде, службата за Бога со чисто срце донесува награда, дури и во овој живот. Работникот ќе мора да се соочи со препре-

ки, противење, горчливо разочарување од кое се крши срцето. Тој можеби нема ни да ги види плодовите од својата тешка работа. Но, соочен со сето ова, тој во самата оваа работа наоѓа благословена награда. Сите оние што му се предаваат себеси на Бога, кој несебично му служи на човечкиот род, соработуваат со Господовата слава. Таа мисла ги засладува сите напори, таа ја буди волјата, му дава сила на духот за да се соочи со сѐ што може да се случи. Работејќи со несебично срце, облагородени со тоа што тие учествуваат во сите Христови страдања, делејќи ги со Него неговите копнежи, тие помагаат да се подигне плимата на Неговата радост и да се донесе чест и слава на Неговото возвишено име. Во заедништво со Бога, со Христа и со светите ангели, тие се опкружени со небеска атмосфера, атмосфера која донесува здравје на нивното тело, живост на нивниот интелект и радост на нивната душа. Сите оние што ќе го посветат на Господовата служба целото свое тело, дух и душа, непрестајно ќе добиваат нови залихи на физичка, ментална и духовна сила. Неисцрпните ризници на Небото им стојат на располагање. Христос ги вдахнува со својот Дух, им дава живот од својот живот. Светиот Дух ги дава своите најголеми сили да дејствуваат во умот и во срцето. .

*Тогаш ќе светне како зора твојата светлина и твоето здравје ќе процвета брзу. Твојата правда ќе оди пред тебе, а Господовата слава ќе ти биде заштитница. Ако викнеш, Господ ќе ти одговори, кога ќе извикаш, ќе рече: ‘Еве Ме!’ Ако ги отстраниш од својата средина јаремот, испружениот прст и безбожната беседа, ако му дадеш леб на гладниот, ако го наситиш угнетуваниот, твојата светлина ќе засвети во темнината, и твојата темнина ќе стане како пладне. Господ ќе те води непрекратно, ќе те сити во сушни краишта. Тој ќе ги закрепнува твоите коски, и ќе бидеш како напоена градина, како кладенец, чија вода никогаш не пресушува* (Исаија 58, 8-11)...

Иако голем дел од родот на нивните напори нема да биде видлив во овој живот, Божјите работници го имаат Неговото сигурно ветување за конечниот успех. Како Откупител на све-

тот, Христос постојано се соочувал со забележливи промашувања. Изгледало како секогаш да успева да заврши само дел од работата за која копнеел да ја изврши во делото на издигнување и спасување. Сатанските сили незапирливо работеле да му го попречат патот. Меѓутоа, тој не дозволил да го обесхрабрат. Секогаш пред себе ги гледал резултатите на својата мисија. Тој знаел дека вистината на крајот ќе победи во борбата со злото, и на своите ученици им зборувал: „*Ова ви го реков, за да имате мир во Мене. Во светот ќе имате неволји; но бидете храбри - Јас го победив светот*“ (Јован 16, 33). Животот на Христовите следбеници треба да биде сличен на Неговиот, низа непрекинати победи – победи кои овде нема да се гледаат како победи, но кои ќе бидат признати како победи во големиот иден свет.

*Сабота, 12 јули 2025*

## НАГРАДА ЗА СЛУЖБА II
## (Елена Вајт – Евангелски работници, 378-380)

Оние коишто работат за доброто на другите, работат во заедништво со небеските ангели. Тие непрекинато се наоѓаат во нивното друштво, уживаат во нивната постојана поддршка. Ангелите на светлината и силата постојано се наоѓаат во нивна близина за да ги заштитат, утешат, излекуваат, поучат и инспирираат. Највисокото образование, вистинската култура, највозвишената служба што може да ја има човекот на овој свет станува нивна. Честопати, нашиот милостив Татко ги храбри своите деца и ја јакне нивната вера дозволувајќи им овде да ги видат доказите на силата на Неговата благодат на срцата во животот на оние за кои работат. „*Зашто вашите мисли не се Мои мисли, и Моите патишта не се ваши патишта,* ” *слово е Господово.* „*Како што небото е високо над земјата, така Моите патишта се над вашите патишта, и Моите мисли над вашите мисли. Како што паѓа дожд и снег од небото непрекинато доде-*

*ка земјата не се напои, не се оплоди и не се зазеленее, за да му даде семе на сејачот и леб за јадење, така Словото што излегува од Мојата уста не се враќа при Мене без плод, туку го прави она што го сакав и ќе го изврши она заради кое го испратив. Да, ќе отидете со радост, и ќе бидете водени со мир. Горите и брдата ќе воскликнуваат од радост пред вас, и сите дрва во полето ќе плескаат. Место трње ќе растат чемпреси, место коприватa ќе никнува мирта. И тоа ќе биде за славата на Господа, како вечен, непоминлив знак*" (Исаија 55, 8-13). Во преобразувањето на карактерот, во отфрлувањето на разните зли страсти, во развојот на доблестите на Божјиот Свет Дух, ние гледаме исполнување на ветувањето: *Нека се зарадува пустината, исушената земја, нека восклікнува степата, нека расцвета лилјанот* (Исаија 35, 1).

Христос се радува да земе привидно безнадежен материјал, оној кој сатаната го понижил и преку кој работел, и да ги претвори во поданици на својата благодат. Тој се радува што може да ги ослободи од страдањата. Тој прави Неговите слуги да станат Негови орудија за довршување на Неговото дело и во неговиот успех да ја добијат својата скапоцена награда уште во овој живот.

Меѓутоа, што е тоакога ќе се спореди со радоста која ќе биде на големиот ден од конечната пресметка? „*Зашто, сега гледаме како во огледало - нејасно; но тогаш: лице во лице. Сега знам делумно, но тогаш ќе сознаам целосно, како што и јас бев самиот наполно познат*" (1. Коринќаните 13, 12).

Христовите работници добиваат награда да влезат во Неговата радост. Таа радост, која и самиот Христос ја очекува со голема желба, е претставена во Неговото барање што му го упатил на својот Татко: „*Татко, сакам оние, кои си Ми ги дал, да бидат со Мене таму каде што Сум Јас, за да ја гледаат Мојата слава што Ми ја даде, зашто Ме љубеше пред создавањето на светот*" (Јован 17, 24). Ангелите чекале да го поздрават Исуса кога Тој се вознел на небото. Небеските ангели копнееле повторно да го поздрават својот сакан Заповедник кој се вратил од занданата на смртта. Тие се собирале околу Него кога поминал низ вратата на Небото.

Меѓутоа, Тој ги вратил. Неговото срце било со осамената и ожалостена група ученици кои ги оставил во Маслинската гора. Тој и понатаму е со своите деца кои се борат на Земјата, и на кои допрва им претстои битка со непријателот. Тој вели: „*Господ Бог нивниот ќе ги спаси во оној ден; како стадо Тој ќе го пасе Својот народ; како бесцено камење на круната, тие ќе блескаат во Неговата земја*" (Захарија 9, 16) – „*колкаво е богатството на Неговото славно наследство во светите*" (Ефесјаните 1, 18). Во нив ќе го види трудот „„*на душата Своја и ќе види светлина. Праведниот Слуга Мој ќе ги оправда мнозина и гревовите нивни врз Себе ќе ги понесе*" (Исаија 53, 11). И зарем Неговите работници нема да се радуваат кога и тие ќе ги видат плодовите од својата работа? Апостол Павле, пишувајќи им на обратениците во Солун вели: „*Зашто, кој е наша надеж, или радост, или венец за пофалба? Та не сте ли вие пред нашиот Господ Исус при Неговото доаѓање? Да, вие сте наша слава и наша радост*" (1.Солуњаните 2, 19.20).

*Сабота, 19 јули 2025*

## ТАКТИЧНОСТ ВО СВЕДОЧЕЊЕТО
**Елена Вајт – Евангелски работници, 85-87)**

Во делото на придобивање на душите, потребни се голема тактичност и мудрост. Спасителот никогаш не ја сокривал вистината, но секогаш ја изговарал со љубов. Во разговорот со другите покажувал најголема тактичност и секогаш бил љубезен и промислен. Никогаш не бил груб, никогаш без потреба не изговарал остри зборови, никогаш не нанесувал непотребна болка на чувствителната душа. Тој не ги прекорувал човечките слабости. Храбро го жигосал лицемерието, неверувањето и беззаконието, но солзите се чувствувале во Неговиот глас додека покажувал длабока нежност кон човечкиот род. Секоја душа била скапоцена во Неговите очи. Се однесувал со божествено достоинство; но сепак се наведнувал со најнежно сочувство и

почит кон секој припадник на Божјото семејство. Во сите гледал души кои треба да бидат спасени преку Неговата мисија..

Проповедникот не смее да мисли дека во секоја прилика целата вистина мора да им се каже на неверниците. Тој внимателно ќе одмерува кога треба да проговори, што да каже, а што треба да остане неизречено. Тоа не значи дека ќе се занимава со измами, туку дека ќе работи онака како Павле советувал: „*Навистина, иако сум слободен од сите, се претворив во роб на сите, за да ги придобијам што повеќе*“ напишал во Коринќаните. „*На Јудејците им бев како Јудеец, за да ги придобијам Јудејците; на оние кои се под Законот им бев како и самиот да сум под Законот, иако јас не сум под Законот, за да ги придобијам оние, кои се под Законот. На оние, кои се без закон, им бев како да сум и јас без закон, иако не сум без Божјиот Закон, туку сум под Христовиот Закон, за да ги придобијам оние, кои се без закон*“ (1. Коринќаните 9, 19-22). Павле не им се приближувал на Евреите на таков начин за да ги поттикне нивните предрасуди. Тој не им одговарал веднаш дека треба да веруваат во Исус од Назарет; туку се занимавал со пророштвата кои зборувале за Христа, за Неговата мисија и Неговата работа. Чекор по чекор ги водел слушателите напред, укажувајќи им колку е важно да го почитуваат Божјиот закон. Покажувал должна почит кон церемонијалниот закон, покажувајќи им дека Христос го воспоставил еврејскиот систем и службата за принесување жртви.

Тогаш им зборувал за првото доаѓање на Откупителот и им покажувал дека во Христовиот живот и Неговата смрт се исполнил секој детаљ на Системот на принесување на жртвите. На неверниците Павле им се приближувал воздигнувајќи го Христа, а дури потоа им ги објаснувал задолжителните барања на законот. Им покажувал како светлината која блескала од крстот на Голгота давала значење и слава на целокупниот еврејски систем. И така апостолот го менувал својот начин на работа, обликувајќи ја својата вест според околностите под кои работел. По трпеливата работа во голема мера бил успешен; сепак имало и многу кои не поверувале. И денес ќе има такви кои нема да

поверуваат со која било метода на објавувањето на вистината; Божјиот работник ќе мора внимателно да ги проучува најдобрите методи за да не разбуди предрасуди или противење. И токму во тоа има мнозина што грешеле. Поведувајќи се по своите вродени склоности, ја затворале вратата која со помош на некои други методи на работа би можеле да ја отворат и така да најдат пристап до срцето, а преку нив и кон други срца.

Божјите работници мораат да бидат многустрани луѓе; што значи дека треба да покажат ширина на карактерот. Не смеат да бидат луѓе на една идеја, втемелени во својот систем на работа, неспособни да видат дека нивното застапување на вистината мора да се прилагоди на видот на луѓето со кои работат и околностите со кои се соочуваат. Работата на проповедникот е многу чувствителна кога мора да се соочи со отуѓеноста, огорченоста и противењето. Повеќе, отколку на другите, нему му е потребна онаа мудрост која „доаѓа одозгора, пред сè: е чиста, потоа мирољубива, блага, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна“ (Јаков 3, 17) И како што росата и тивкиот дожд паѓаат нежно на овенатите билки, така и неговите зборови треба да паѓаат нежно додека ја објавува вистината. Таа треба да ги придобие душите, а не да ги одбие. Тој треба да истражува како да биде вешт, дури и тогаш кога никакви правила не можат да се применат. Многу души биле насочени во погрешна насока и изгубени за Божјото дело само поради недостаток на вештина и мудрост на оној кој работел со нив. Тактичноста и здравото расудување можат можат стократно да ја подигнат корисноста на работникот.

*Сабота, 26 јули 2025*

**РАБОТА ВО НОВИ ПОЛИЊА**
**(Елена Вајт – Евангелски работници, 87-88)**

Додека работите на нови полиња немојте да мислите дека ваша должност е веднаш да им кажете на луѓето: ние сме адвен-

тисти на седмиот ден, ние веруваме дека саботата е седмиот ден, наменет за одмор според Писмото, ние не веруваме во бесмртноста на душата. Такво нешто би подигнало голема бариера меѓу вас и оние на кои би сакале да им се приближите. Зборувајте им, доколку имате можност, за точките на доктрината во кои се согласувате. По потреба занимавајте се со практична побожност. Пружете им докази дека сте христијани, дека сакате мир, и дека се грижите за нивните души. Дајте им да видат дека сте совесни. Така ќе ја придобиете нивната доверба; а подоцна ќе има доволно време за доктрините. Нека се придобијат срцата, душата нека се подготви, а дури потоа посејте го семето, изнесувајќи ја вистината со љубов, таква каква што е во Христа.

Бог сигурно ќе им помогне на оние кои од Него бараат мудрост. Не треба да чекаме да ни се пружи можност; ние мораме да бараме можности и секогаш треба да бидеме подготвени да му дадеме одговор на оној кој ќе нè прашува за нашите надежи. Доколку работникот во молитва го издигнува своето срце кон Небото, Бог ќе му помогне да го изговори вистинскиот збор во вистинско време. Трудејќи се да ги поправиме или реформираме другите, мораме да бидеме многу внимателни додека зборуваме. Нашите зборови можат да бидат мирис на живот за живот или на смрт за смрт. Упатувајќи прекор или совет, многумина прибегнуваат кон остри и сурови зборови, зборови кои не се прилагодени да ја лечат ранетата личност. Со тие погрешно избрани изрази духот се раздразнува, и често оној што згрешил се наведува на бунт.

Сите оние што сакаат да ги застапуваат начелата на вистината треба да примат помазание со небесното масло на љубовта. Во сите околности прекорот секогаш мора да се изговара со љубов. И дури тогаш нашите зборови ќе реформираат, а нема да повредуваат. Христос со својот Свет Дух ќе ги исполни со сила. Тоа е Негово дело.

*Сабота, 2 август 2025*

## ДОБЛЕСТА НА УЧТИВОСТА
## (Елена Вајт – Евангелски работници, 88-90)

Оние коишто работат за Христа треба да бидат чесни и доверливи луѓе, цврсти како карпа кога се работи за начелата, но во исто време нежни и учтиви. Учтивоста е една од доблестите на Духот. Највозвишената работа што му е доверена на човекот е да работи со човечките умови; а оној кој сака да најде пристап до срцето, мора да го послуша налогот: „*Најпосле, бидете сите сложни во мислењето, сочувствителни, братољубиви, милосрдни, понизни*“ (1. Петрова 3, 8). Со љубовта ќе се постигне и она што со доказите не би можело! Меѓутоа, моменталната раздразнетост, еден единствен одговор, недостаток на христијанска љубезност и учтивост за некое неважно прашање, може да доведе до губење на пријателите и влијанието.

Христијанскиот работник треба да се труди да биде она што Христос бил на оваа Земја. Тој е наш пример, не само во својата беспрекорна неизвалканост, туку и во својата трпеливост, нежност и привлечност на однесувањето. Неговиот живот е пример на вистинска учтивост. Тој секогаш имал љубезен поглед и зборови на утеха за сиромашните и угнетените. Неговата присутност внесувала само чиста атмосфера во домот. Неговиот живот бил чист и неизвалкан, и како таков одел меѓу непромислените, грубите, нељубезните, меѓу грешните цариници, необратените Самарјани, безбожните војници, грубите селани и разновидното мноштво. Каде и да одел, Тој изговарал зборови на сочувство. Кога ќе видел уморен човек, натеран да носи тежок товар, го делел товарот и му ги зборувал поуките кој сам ги научил од природата, за Божјата љубов, за љубезноста, за добрината. Се трудел трудел најгрубите и најнеугледните да ги инспирира со надеж, изнесувајќи им ветување дека можат да изградат карактер кој ќе ги прикаже како Божји деца.

Исусовата религија го омекнува сè она што е тврдо и грубо, го исправа сè она што е сурово и остро во однесувањето. Таа

прави зборовите да станат нежни и изразот на лицето привлечен. Да се научиме од Христа како да ја усогласиме високата свест за непорочноста и чесноста со ведрината на расположението. Љубезниот и пристоен христијанин е најмоќниот доказ кој може да се изнесе во прилог на христијанството.

Љубезните зборови се како роса и тивок дожд на душата. За Христос Писмото кажува дека благодатта била излеана на неговите усни, *„за да знам да ги закрепнувам уморните со зборови"* (Исаија 50, 4). Господ нѐ повикува и нас: *„Вашето слово секогаш да е љубезно, зачинето со сол, за да знаете како треба да му одговорите секому. Никаков гнил збор да не излегува од вашата уста, туку само полезен за изградување, - каде е потребно, за да им даде благодат на слушателите"* (Колошаните 4, 6; Ефесјаните 4, 29).

Некои од оние со кои ќе дојдете во допир можеби ќе бидат груби и непријатни, но немојте заради тоа и вие да бидете такви. Оној кој сака да го сочува своето самопочитување мора да биде внимателен и непотребно да не го ранува самопочитувањето на другите. Ова правило мора свето да се почитува дури и кај најлошо расположените и најнетактичните. Што има Бог за цел да направи со таквите луѓе, ние не знаеме. Тој во минатото ги прифаќал луѓето кои не биле многу поинакви од овие, за да вршат големи дела за Него. Неговиот Дух, кој влијае на срцето, ја придвижува секоја нивна способност на најрешителна активност. Господ видел дека во тој груб, необработен камен има скапоцен материјал кој ќе ги издржи пробите на бурите, жештините и притисокот.

Бог не гледа како што гледа човекот. Тој не суди според изгледот, туку го испитува срцето и суди праведно.

Господ Исус бара од нас да го признаеме правото на секој човек. Човековите општествени права и нивните права како христијани, мораат да се земат предвид. Кон сите мора да се постапува љубезно и внимателно, како кон Божји синови и ќерки.

Христијанството ќе направи човекот да се однесува како господин. Христос бил учтив, дури и кон своите мачители; Неговите вистински следбеници мора да го покажат истиот тој дух.

Погледнете го Павле кога бил одведен пред управителите. Неговиот говор пред Агрипа е слика на вистинска пристојност, но и на убедлива елоквентност. Евангелието не поддржува формалистичка учтивост која е прифатена во светот, туку учтивост која произлегува од вистинската љубезност на срцето.Ниту најголемото внимание посветено на надворешната пристојност во

животот не е доволно да ја оттргне сета раздразнетост, груба осуда и непристојни зборови. Вистинската префинетост никогаш нема да се покаже сè додека издигнувањето на сопствената личност не се смета за најважна цел. Љубовта мора да живее во срцето. Внимателниот христијанин своите побуди за дејствување ги наоѓа во својата длабоко вкоренета љубов кон својот Учител. Од коренот на неговата љубов кон Христа никнува и посебен интерес кон браќата. Љубовта, на оној што ја негува, му дава убавина, пријатност и пристојност во однесувањето. Таа го осветлува лицето и го ублажува гласот; таа го облагородува и го издигнува целото суштество.

*Сабота, 9 август 2025*

## ПРИСТОЈНОСТ ВО ОДНЕСУВАЊЕТО
**(Елена Вајт – Евангелски работници, 90-92)**

На оние кои ракуваат со светите работи упатена им е свечена заповед: „*Зашто нема да излезете набрзина, ниту ќе одите бегајќи, зашто Господ ќе ви биде претходница, а Израелевиот Бог задна стража!*“ (Исаија 52, 12) Од сите луѓе, токму оние на кои Господ им укажал доверба и чест, оние на кои им е доверена посебна служба, мораат да бидат највнимателни во зборовите и делата. Тие треба да бидат верни луѓе, кои со дела на праведност и беспрекорни вистински зборови ќе ги издигаат своите блиски на повисоко ниво; луѓе кои не се колебаат поради секое минливо искушение; луѓе со цврсти и искрени намери, чија највисока цел е да придобиваат души за Христа... Проблемот на непорочност и

пристојност во однесувањето е тема на која мораме да ѝ посветиме внимание. Ние мора да се чуваме од гревовите на ова расипано време. Христовите амбасадори нека не се впуштаат во безначајни разговори, нека не се впуштаат во интимни пријателства со жени, мажени или немажени. Нека го сочуваат своето место со достоинство; но во исто време треба да бидат и друштвени, љубезни и пријатни кон сите. Тие мора да се држат далеку од сè што личи на вулгаризам или на преголема интимност. Тоа е забранет терен, на кој не е сигурно да стапнат со својата нога.

Секој збор, секое дело треба да воздигнува, да облагородува, да прочистува. Невнимателноста во ова е грев. Павле го повикува Тимотеј да размислува за сè што е чисто и совршено и неговото напредување да се покаже пред сите. Истиот совет им е потребен на луѓето и во сегашно време. Ги предупредувам нашите работници на неопходноста од непорочност на секоја мисла, на секое дело. Ние носиме поединечна одговорност пред Бога, одговорност за поединечното дело кое никој не може да го изврши, освен нас, а тоа е нашето настојување светот да стане подобар. Иако треба да ја негуваме друштвеноста, тоа нека не биде поради забава, туку поради повисоки цели. Зар насекаде околу нас не се случуваат доволно работи што ни покажуваат дека ваквата внимателност е неопходна? На сите страни се гледаат човечки урнатини, искршени семејни олтари, упропастени домови. Се гледа чудно откажување од начелата, моралните мерила се намалени и земјата брзо се претвора во Содом. Обичаите што го навлекле Божјиот суд врз препотопните жители и кои довеле до тоа Содом да биде уништен со оган, сè повеќе се множат. Ние се приближуваме кон крајот, кога Земјата ќе биде исчистена со оган.

Нека оние, во чии раце Господ ја ставил светлината на вистината, отстапат од секое беззаконие! Нека одат по патот на честитоста, победувајќи ја секоја страст и навика со која на кој било начин би го извалкале Божјото дело или би ставиле дамка на Неговата светост... Благодарение на Христовата благодат, луѓето можат да стекнат морална цврстина, сила на волјата и стабил-

ност на намерите. Во оваа благодат се крие сила која ги оспособува да се издигнат над заведувачките занесни сатански искушенија, и да станат лојални, верни христијани.

*Сабота, 16 август 2025*

**СОБИРАЊЕ НА РОДОТ – СОНОТ НА ЕЛЕНА ВАЈТ**
**(Елена Вајт – Евангелски работници 99-102)**

Во сонот што го добив на 29 септември 1886 година, одев со голема група луѓе кои бараа боровинки. Тука имаше многу млади мажи и жени кои тргнаа да помогнат во берењето на плодовите. Ми изгледаше како да се наоѓаме во некој град, бидејќи имаше многу малку празен простор; но околу градот имаше пространи полиња, прекрасни шуми и обработени градини. Големата кола натоварена со залихи за нашата група, се движеше пред нас. Наскоро колата застана и групата се растури во сите правци за да бара плодови. Секаде околу нас имаше помали и поголеми грмушки, натоварени со прекрасни боровинки; но целата група гледаше во далечина за да ги најде.

Почнав да ги берам плодовите што беа во близина, но многу внимателно, плашејќи се да не наберам зелено овошје, кое би се помешало со зрелото. Можев да пронајдам само еден до два плода од грмушката. Некои од големите убави боровинки беа паднале на земјата и црвите и инсектите ги изеле до половина. Си помислив: „Да дојдевме малку порано во ова поле, сето тоа убаво овошје можеше да биде искористено. Меѓутоа, сега е доцна. Јас сепак ќе ги соберам тие боровинки за да им покажам на браќата што можевме да соберевме ако не задоцневме!“ И тогаш двајца-тројца од групата се најдоа во моја близина. Разговараа и изгледаше дека се многу зафатени со меѓусебно дружење. Кога ме видоа мене, рекоа: „Секаде гледавме и не најдовме никакви плодови!“ Со изненадување ја погледнаа количината што јас ја собрав. Им реков: „Има уште многу плодови кои можат да

се соберат од овие грмушки!“ Почнаа да берат, но наскоро застанаа, зборувајќи: „Не е фер ние овде да береме. Ти го пронајде ова поле и тоа ти припаѓа тебе!“ Меѓутоа, јас им одговорив: „Не е важно. Соберете сè што можете да најдете. Ова е Божјо поле и ова се Негови боровинки; ваша предност е да ги берете!“

Наскоро повторно се најдов сама. Сепак, слушнав разговор и смеење околу колата. Ги повикав оние што беа таму: „Што правите таму“? Тие ми одговорија: „Не можевме да најдеме подови. Бидејќи сме уморни и гладни, решивме да дојдеме до колата и да ручаме. Кога ќе се одмориме, повторно ќе почнеме да работиме!“

Им реков: „До сега ништо не сте собрале. Ќе ги изедете сите резерви на храна и нам нема да ни оставите ништо. Јас засега не можам да јадам; има уште многу плодови кои треба да ги соберам. Вие не сте ги нашле бидејќи не сте гледале внимателно. Тие не се наоѓаат на надворешната страна од грмушките, туку однатре мора да ги побарате. Засега можете да наберете цела кошничка, но внимавајте да не берете зелени!“ Мојата мала корпа наскоро беше полна со плодови и ги однесов до колата. Им реков: „Ова се најубавите плодови кои некогаш сум ги видела, а ги најдов во близина, додека вие се заморувавте безуспешно барајќи ги далеку!“

Тогаш сите дојдоа да ги прегледаат моите плодови. Рекоа: „Ова се боровинки од високите грмушки, цврсти и добри. Ние мислевме дека ништо нема да најдеме на високите грмушки и затоа баравме на ниските. А, таму најдовме само неколку“. Тогаш им одговорив: „Сакате ли да се погрижите за овие плодови, а потоа заедно ќе појдеме да ги бараме на високите грмушки“? Меѓутоа, тие не подготвиле никакви садови за чување на набраните плодови. Вистина, имало корпи и вреќи во изобилство, но сите биле употребени за чување на храната. Се уморив од чекање и конечно запрашав: „Зарем не дојдовте да берете боровинки? Зошто тогаш не се подготвивте да ги чувате“?

Некој ми одговори: „Сестро Вајт, ние и не очекувавме дека овде ќе најдеме нешто, бидејќи во околината има толку многу куќи и сешто се случува. Меѓутоа, бидејќи ти сакаше да собираш плодови, решивме да дојдеме со тебе. Мислевме дека до-

колку со себе понесеме доволно храна и ако уживаме во рекреацијата, нема да бидеме премногу разочарани што не успеавме да набереме што било!" Јас им одговорив: „Не можам да ја разберам таквата работа. Јас ќе појдам веднаш до грмушките! Денот речиси пројде и наскоро ќе се стемни, и тогаш нема да можат да се собираат плодови! Некои дојдоа со мене, но другите останаа покрај колата да јадат. На едно место се собра мала група и живо разговараа за нешто за што беа многу заинтересирани. Ѝ пријдов и видов дека едно мало дете во рацете на мајка си го привлекло нивното внимание. Им реков: „Имате многу малку време и затоа е подобро да работите додека можете!"

Вниманието на многумина го привлече една млада брачна двојка која трчаше кон колата. Кога стигнаа, беа толку уморни што мора да седнат и да се одморат. И другите тогаш се фрлија на тревата да се одморат. И така денот поминуваше а постигнавме многу малку. Конечно реков: „Браќа, вие ова го нарекувате неуспешен излет. Ако тоа е начин на кој работите, не се чудам што немате успех. Вашиот успех или неуспех зависи од начинот на кој и пристапувате на работата. Овде има боровинки; јас ги најдов. Некои од вас ги пребаруваа ниските грмушки без успех; другите најдоа само неколку плодови. Меѓутоа, високите грмушки ги одбегнувавте, едноставно затоа што не очекувавте дека ќе најдете плодови на нив. Гледате дека плодовите што јас ги собрав се крупни и зрели. За кратко време и останатите плодови ќе созреат и тогаш ќе можеме да ги побараме. Тоа е начинот на кој јас научив да ги собирам плодовите. Да ги баравте во близина на колата, можевте да ги најдете исто онака како што јас ги најдов".

„Поуката која тој ден им ја дадовте на оние кои учеа како да ја извршуваат ваквата работа, тие ќе ја прифатат. Господ ги ставил плодните грмушки среде густо населено место и Тој очекува да ги соберете. Меѓутоа, вие бевте премногу зафатени со јадење и меѓусебно дружење. На полето не дојдовте со искрена одлука да најдете плодови".

Отсега морате да работите со поголем жар и сериозност и со една многу поинаква цел пред очите, инаку, во спротивно, вашата работа никогаш нема да биде успешна.

Работејќи на вистинскиот начин, вие ќе ги поучите младите работници дека храната и рекреацијата се многу помалку важни од собирањето на родот.. Навистина е многу е тешко колата со резервите на храна да се одвезе до полето, а вие повеќе мислевте на храната, отколку на плодовите што требаше да ги носите дома како резултат на својата работа. Морате да бидете вредни, прво да ги соберете плодовите во вашата близина, а потоа да ги побарате и оние кои се подалеку; потоа да се вратите и повторно да работите во близина и така ќе бидете успешни“.

*Сабота, 23 август 2025*

## ОСОБИНИ НЕОПХОДНИ ЗА СЛУЖБА I: СОЧУВСТВО И ЧЕСНОСТ
**(Елена Вајт – Евангелски работници, 102-103)**

Бог сака да ги соедини своите работици со врските на општо сочувство и чисти чувства. Всушност, атмосферата на христоликата љубов што ја опкружува душата на верникот, го прави мирис на живот за живот, и му овозможува на Бога да ги благослови неговите напори. Христијанството не подигнува никакви ѕидови на раздвојување меѓу човекот и неговите ближни, туку човечките суштества ги поврзува со Бога и меѓусебно. Забележи колку е Господ нежен и полн со сочувство во своите постапки кон своите суштества. Тој го сака своето изгубено дете и го повикува да се врати. Татковата рака е ставена околу рамењата на Неговиот покајнички син. Татковата наметка ги покрива неговите крпи; прстенот е ставен на неговиот прст како доказ за неговото царско потекло. А, сепак, колку има такви кои на изгубениот син гледаат не само рамнодушно, туку и со презир! Слично на фарисеите и тие велат: *„Фарисејот застана и се молеше во себеси вака: ‘Боже! Ти благодарам што не сум како другите луѓе - разбојници, неправедници, прељубници, или како овој цариник*“ (Лука 18, 11). Меѓутоа, што мислите, како Бог гледа на

оние кои тврдат дека се Христови соработници, а стојат како оној брат во приказната, тврдоглави, инаетливи и себични, додека гледаат како некоја душа се бори против поплавите на искушенијата? Колку малку се поврзуваме со врските на Христовата наклонетост во она што би требало да биде најцврста врска на единство меѓу нас и Него – со сочувство кон развратните, виновните, напатените, душите кои се мртви во престапите и гревовите! Нехуманоста на човекот кон човек е нашиот најголем грев.

Многумина мислат дека ја претставуваат Божјата праведност, иако потполно пропуштаат да ја претставуваат Неговата нежност и Неговата голема љубов. Често пати се случува оние кон кои се постапува строго и сурово да се наоѓаат под стресот на искушенијата. Сатаната се бори околу тие души, и грубите зборови ги обесхрабруваат и и во таа обесхрабреност тие паѓаат како плен на силите на искушувачот... Нам ни е потребно повеќе христолико сочувство; не само сочувство кон оние кои изгледаат беспрекорни, туку и сочувство кон сиромашните, напатените души кои се борат, кои се често за осуда, кои грешат и тогаш се каат, кои се искушувани и обесхрабрени. Ние треба да одиме кај своите ближни, трогнати, слично на нашиот милосрден Првосвештеник, со свеста за нивните слабости. За ова време потребни се луѓе со искушана храброст и строга чесност, луѓе кои не се плашат да го подигнат својот глас за она што е вистинско. Јас на секој работник би му рекла: во сите твои службени должности, чесноста нека биде карактеристика на секоја твоја постапка. Сите десетоци, сите пари кои ти се доверени за која било посебна намена, треба да бидат ставени на местото таму каде што припаѓа. Парите приложени за Божјото дело не смеат да се употребуваат за лични потреби со намера подоцна да се надополнат. Тоа Господ го забранува. Тоа е искушение од оној кој прави зло и само зло.

*Сабота, 29 август 2025*

## ОСОБИНИ НЕОПХОДНИ ЗА СЛУЖБА II: ЕДИНСТВО СО ХРИСТОС И ПОНИЗНОСТ
**(Елена Вајт – Евангелски работници, 103-105)**

Работникот кој го знае значењето на единството со Христа, има с  поголема желба и способност да го сфати значењето на службата за Бог. Неговото знаење се зголемува; бидејќи, да се расте во благодатта, значи да се има сѐ поголема способност за разбирање на Писмото. Таков човек навистина е Божји соработник. Тој сфаќа дека е само орудие и дека мора што побрзо да се препушти во рацете на Учителот. Неволји му се случуваат; бидејќи ако не биде искушан на тој начин, тој никогаш нема да стане свесен за својот недостаток на мудрост и искуство. Меѓутоа, ако го побара Господа понизно и со доверба, секоја негова неволја ќе му послужи на добро. Понекогаш може да изгледа дека претрпел неуспех, но неговиот привиден неуспех може да биде Божји начин да го научи на напредување, да му помогне подобро да се запознае самиот себеси и цврсто да се потпре на Небото. Тој и понатаму може да прави грешки, но се учи да не ги повторува. Станува посилен со својот отпор кон злото и другите имаат корист од неговиот пример...

Оние кои имаат најдлабоко искуство во она што е Божјо, најмногу се оддалечени од гордоста и самовозвишувањето. Бидејќи имаат возвишено сфаќање за Божјата слава, тие сметаат дека и најниското место во Неговата служба е премногу чесно за нив. Кога Мојсеј се спуштил од горdevice, откако четириесет дена поминал во разговор со Бога, не знаел дека неговото лице блеска со сјај кој ги плашел оние што го гледале. Павле негувал многу скромно мислење за своето напредување во христијанскиот живот. Тој за себе зборува како како за најголем од грешниците. И повторно нагласува: „*Не велам дека веќе го достигнав или дека веќе дојдов до совршенство – туку настојувам да го достигнам, зашто и мене Христос ме достигна*“ (Филипјаните 3, 12).

Меѓутоа, Господ многу го ценел Павле. Нашиот Спасител го нарекол Јован Крстител најголем пророк; но, кога го запрашале Јован дали е тој Месија, тој себеси се прогласил за недостоен пред Месија. Кога учениците му дошле со приговор дека сите се вртат кон новиот Учител, Јован ги потсетил дека е само претходник на Оној кој треба да дојде. Работници со таков дух се неопходни денес. Божјото дело треба да биде поштедено од самозадоволните, оние кои се задоволни со самите себе. Нашиот Господ бара работници кои чувствуваат потреба за Христовата помирувачка крв, тргнуваат на работа, не полни со фалби, туку со полна сигурност во верата, знаејќи дека секогаш ќе им биде неопходна Христовата помош да дознаат како да се занимаваат со човечкиот ум.

*Сабота, 6 септември 2025*

## ОСОБИНИ КОИ СЕ НЕОПХОДНИ ЗА СЛУЖБА III: РЕВНОСТ И ДОСЛЕДНОСТ

**(Елена Вајт – Евангелски работници, 105-106)**

Постои потреба за поголема ревност. Времето бргу поминува и неопходни се луѓе кои ќе работат како што работел Христос. Не е доволно да се живее тивок живот, посветен на молитва. Самото размислување нема да ги задоволи потребите на светот. Религијата не смее да биде само субјективно влијание во нашиот живот. Ние мораме да бидеме потполно разбудени, енергични, сериозни христијани, полни со желба вистината да им објавиме и на другите. На луѓето им е неопходно да ја слушнат веста за спасението преку верата во Христа. Со ревносни и жестоки напори веста навистина треба да им се објави. Душите мора да ги бараме, за нив треба да се молиме, за нив треба да работиме. Сериозни повици мора да се упатат, ревносни молитви мора да се испратат. Нашите површни, безживотни молитви мораат да се претворат во молби полни со извонредна ревност.

Карактерите на многумина кои себеси се сметаат за побожни се несовршени и еднострани. Таквите покажуваат дека, како уче-

ници во Христовата школа, многу несовршено ги научиле своите лекции. Некои, кои научиле да го следат Исус во Неговата кроткост, не ја покажуваат Неговата внимателност во правењето добра. Други се активни и ревносни, но се фалат; никогаш не се научиле на понизност. Ги има и такви кои го исклучиле Христа од својата работа. Тие можат да бидат пријатни во своето однесување, можат да покажуваат сочувство кон своите ближни, но нивното срце не е сосредоточено на Спасителот, тие не го научиле јазикот на Небото. Тие не се молат како што се молел Христос; не ги ценат душите онака како што Тој ги ценел: не научиле да ги издржат тешкотиите во своите напори да ги спасат душите.

Некои, знаејќи малку за преобразувачката сила на благодатта, стануваат себични, критички расположени, груби. Другите се поводливи и попустливи, виткајќи се на една или на друга страна за да ги задоволат своите ближни. Колку и да ја застапуваме ревносно вистината, ако нашиот секојдневен живот не сведочи за нејзината сила која посветува, изговорените зборови нема ништо да постигнат.

Недоследното однесување го стврднува срцето и ги стеснува умните видици на работникот и става камен за сопнување на патот на оние со кои работи. Проповедникот треба да се ослободи од секоја минлива грижа за да може потполно да се посвети на светата професија. Тој често треба да се моли, себеси да се подложи на божествена дисциплина, за да може неговиот живот да ги покаже плодовите на вистинското владеење со себеси. Неговиот јазик треба да биде правилен; никакви улични изрази, никакви евтини изреки не треба да се слушнат од неговата уста. Неговата облека треба да биде во согласност со карактерот на работата со која се занимава. Некои проповедници и учители тежнеат да ги достигнат мерилата поставени во Библијата. Нека не се занемаруваат ситниците на кои често се гледа како неважни. Занемарувањето на ситниците често наведува на занемарување на поголемите одговорности.

Работниците во Господовото лозје лозје го имаат примерот на добрите луѓеод сите векови за да се охрабрат. Имаат и Божја љубов, службата на ангелите, сочувството на Исус Христос, надежта

дека ќе придобијат души за вистината. „*Разумните ќе блескаат како сјајниот небесен свод, и кои ги учеа мнозината на праведност, како ѕвезди довека, во сета вечност*“ (Даниел 12,3)

*Сабота, 13 септември 2025*

## ПАТОТ КОН ХРИСТА
**(Елена Вајт – Евангелски работници, 116-118)**

Многу повеќе луѓе отколку што ние мислиме копнеат да го најдат патот што води кон Христа. Оние што ја проповедаат последната порака на милоста, мора да имаат на ум дека Христос треба да биде издигнат како засолниште на грешните. Некои проповедници мислат дека не е неопходно да проповедаат за покајанието и верата; тие сметаат дека само по себе е разбирливо дека нивните слушатели се запознаени со Евангелието и дека треба да се изнесуваат прашања од сосема друга природа за да се привлече нивното внимание. Меѓутоа, многу луѓе сакаат да слушнат за таа најважна тема повеќе од секоја друга.

Теоретските расправи се битни, за да можат луѓето да видат како синџирот на вистината скала по скала се искачува и се соединува во совршена целина; но никаква расправа никогаш не би смеела да се одржи без да се претстави Христос, и тоа распнатиот, како темел на Евангелието. Проповедниците би нашле пристап до многу голем број срца кога повеќе би се занимавале со практичната побожност. Често пати, кога се вложуваат напори вистината да се претстави во нови полиња, излагањата се претежно од теоретска природа. Луѓето стануваат несигурни поради она што го слушнале. Многумина ја чувствуваат силата на вистината и стануваат желни да ги стават своите нозе на сигурни темели. Тогаш е време, подобро од кое било друго, во нивната совест да се претстави Христовата религија. Доколку се дозволи богослуженијата да завршат без тој практичен дел, настанува голема штета.

Понекогаш мажите и жените донесуваат одлука во прилог на вистината поради својата увереност во изнесените докази,

иако сѐ уште не се преобратиле. Работата на проповедникот не е завршена сѐ додека не ги осведочи своите слушатели во неопходноста на промената на срцата. Во секое излагање треба да се упатат жешки повици луѓето да ги отфрлат своите гревови и да се обратат кон Христа. Омилените гревови и попустливоста кон гревот, кои се толку раширени во нашите денови мораат да се осудат и да се нагласи потребата за практична побожност. Чувствувајќи ја во срцето важноста на зборовите кои се изрекуваат, вистинскиот проповедник не е во состојба да ја скрие својата загриженост за душите со кои работи.

О, кога би можела да пронајдам зборови доволно силни за да го оставам впечатокот кој би сакала да им го оставам на своите колеги во проповедањето на Евангелието! Браќа мои, вие управувате со зборовите на животот; вие се занимавате со умови кои се способни и за најголем развој. Распнатиот Христос, воскреснатиот Христос, Христос кој се вознесол на Небото, Христос кој повторно доаѓа, сето тоа треба во голема мера да нѐ омекне, да нѐ разведри, да го исполни срцето на проповедникот, за да може на народот да му ги претстави овие вистини со љубов и длабоката сериозност. Проповедникот тогаш ќе биде потиснат во втор план, а Исус ќе биде издигнат. Воздигнете го Исуса, вие кои го учите народот, воздигнете го во проповедите, во песните и молитвите. Нека сите ваши сили бидат насочени на тоа да им укажете на „Јагнето Божјо“ на збунетите, расеаните, изгубените души. Издигнете го Него, воскреснатиот Спасител и кажете им на сите кои ве слушаат: Одете кај Оној кој „*ве љубеше вас и Се предаде Себеси за нас, како принос и жртва на Бога за благопријатен мирис*“ (Ефесјаните 5, 2). Науката за спасението нека стане тема на секоја проповед, тема на секоја песна. Таа нека се излева во секоја молитва. Во своите проповеди немојте да внесувате нешто со што би го замениле Христа, мудроста и силата од Бога. Објавете ги зборовите на животот, претставувајќи го Исуса како надеж за покајаните и тврдина за секој верник. Покажете го патот на мирот на напатените и малодушните, прикажете ја благодатта и совршенството на Спасителот.

Постои само еден пат кој води од темнината во светлина, пат кој се искачува сѐ до Божјиот престол – патот на верата, тој пат не е мрачен, ниту несигурен; не е тоа пат на ограничени смртни умови, ниту пат кој го направила човечка рака, која бара патарина од секој патник. Влегувањето на тој пат не може да се осигура со делата на покајание и страдање. Патот кој Бог го осигурал е толку совршен, толку потполн, што човек не може да го долови неговото совршенство. Тој е доволно широк да го прими и најголемиот грешник, доколку искрено се покае, а толку тесен што во него гревот не може да најде место. Тоа е пат направен за откупените да можат да одат по него.

*Сабота, 20 септември 2025*

## ЈАВНИТЕ МОЛИТВИ
## (Елена Вајт – Евангелски работници, 128-130)

Молитвите изговорени во јавност треба да бидат кратки и содржајни. Бог не бара од нас богослужението да го направиме напорно со своите долги молитви. Христос не им наметнал на своите ученици заморни церемонии и долги молитви. Им рекол: „*И кога се молите, не бидете како лицемерите, кои сакаат да се молат стоејќи по синагогите и на аглите од улиците, за да ги видат луѓето; вистина ви велам, ја имаат својата награда*“ (Матеј 6, 5).

Фарисеите го одредиле времето за молитва; и кога, како што често се случувало, се наоѓале на пат во одредено време, тие застанувале каде и да се нашле – можеби на улица, или на пазар, среде метеж – и тогаш гласно ги изговарале формалните молитви. Таквото богослужение, одржано претежно за сопствено воздигнување и прославување, ја предизвикало Исусовата осуда. Сепак, Тој не ги осудил јавните молитви; бидејќи и самиот се молел со своите ученици и со мнозинството луѓе. Меѓутоа, во мислите на учениците, Тој им го всадил правилото дека нивните молитви треба да бидат кратки. Неколку минути се доволно

долго време за која било обична јавна молитва. Сепак, има моменти кога молитвата на посебен начин се упатува кон Бога.

Гладните души, во болка и воздишки, му се обраќаат на Бога. Душата се бори, како во случајот со Јаков, и не може да се смири додека не почувствува посебно откривање на Божјата сила. Во таквите моменти молитвата може да биде и многу подолга. Се изговараат многу заморни молитви, молитви кои повеќе личат на давање поука за Бога, отколку изнесување на молби. Би било подобро, оние кои ги упатуваат молитвите, да се ограничат себеси на онаа молитва што Исус им ја дал на своите ученици. Долгите молитви им се заморни на оние кои ги слушаат и не ги подготвуваат луѓето да ги слушаат поуките што следат.

Токму затоа, честопати се занемаруваат личните молитви кон Бога, упатувајќи долги, заморни јавни молитви. Проповедниците во своите молитви нека не ја враќаат целата седмица во минатото за да се сетат на сите занемарени должности, надевајќи се дека ќе измолат проштавање и со тоа ќе ја смират совеста. Таквите молитви често имаат последица да ги бутнат другите на пониско ниво во духовниот живот. Некои сметаат дека е знак за понизност ако му се молат на Бога на обичен начин, како да разговараат со човечко суштество. Тие не покажуваат почитување кон Неговото име и кога е непотребно и без почитување, во своите молитви ги вметнуваат зборовите „Боже Семоќен“ – страшни, свети зборови, кои никогаш не смеат да се симнат од нашите усни, освен со покорен глас и со чувство на стравопочитување.

Накитениот речник е несоодветен во молитвата, без оглед на тоа дали молитвата се упатува од проповедалницата во семејниот круг или во тајност. Посебно оние кои упатуваат јавни молитви треба да се служат со едноставен јазик, за да можат другите да разберат за што се зборува и да се соединат со молитвата.

Токму таа молитва од срце, изговорена со вера, ќе се чуе на Небото и ќе се услиши на Земјата. Бог ги разбира потребите на човечкиот род. Тој знае што сакаме и пред да се молиме. Тој ги гледа судирите на душата со сомнежите и искушенијата. Тој ја

забележува искреноста на молителот. Тој ќе ја прифати понизноста и маката на душата. Тој сам вели: *„Па Мојата рака го направи сето тоа, и така сето тоа и настана - објавува Господ. Но кон овој Јас ќе погледнам: кон бедниот и кон човек со поразен дух, кој трепери пред Моето Слово“* (Исаија 66,2).

*Сабота, 27 септември 2025*

**ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА ВО СЕМЕЈСТВАТА**
**(Елена Вајт – Евангелски работници, 140-142)**

Планот за одржување библиски часови е идеја која има небесно потекло. Многу жени и мажи можат да се вклучат во таа гранка на мисионската работа. Така можат да се образуваат работници кои ќе станат Божји луѓе. На тој начин Божјата Реч ќе биде објавена на илјадници: а работниците ќе доаѓаат во близок допир со луѓето од сите народи и јазици. Библијата била внесена во семејствата и нејзините свети вистини влијаеле на совеста. Луѓето биле повикани да читаат, да истражуваат и да оценуваат сами за себе и затоа мораат да ја прифатат и одговорноста за прифаќање или отфрлање на божественото просветлување. Бог нема да дозволи оваа драгоцена работа за Него да остане ненаградена. Тој ќе го круниса со успех секој скромен напор направен во Негово име. На секое поле мора да се покаже трпеливост и истрајност.

Немојте да се обесхрабрите поради скромните почетоци. Често пати најскромната работа донесува најголеми резултати. Колку е понепосредна нашата работа за нашите ближни, толку ќе се постигне поголемо добро. Личното влијание е голема сила. Умот на оние со кои сме тесно поврзани е изложен на многу невидливи влијанија. Никој не може да му зборува на мноштвото и да го придвижи така за да може да воспостави тесна врска со тие луѓе. Исус го напуштил небото и дошол на светот за да спасува души. Вие морате да им се приближите на оние за кои ра-

ботите, за да го слушнат не само вашиот глас, туку и да се ракуваат со вас, да ги научат вашите начела, да ја почувствуваат вашата љубов.

Браќа мои... немојте да мислите дека единствената работа што можете да ја завршите е да поучувате и да образувате. Кога ќе ви се пружи можност тоа да го правите, седнете со некое семејство, и дајте им можност да поставуваат прашања. Одговарајте трпеливо, скромно. Продолжете ја таа работа заедно со својата работа во јавноста. Помалку проповед, повеќе проучување, преку библиски часови во семејствата и во мали групи, со молитви за оние кои се собрани. На сите оние што работат заедно со Христа, би сакала да им кажам: кога и да можете да најдете пристап кај луѓето кои седат покрај своето огниште, искористете ја таа можност. Земете ја својата Библија и отворете ги пред нив нејзините големи вистини. Вашиот успех нема толку да зависи од вашето знаење и достигнување, колку од вашите способности да го најдете патот до нивното срце. Со тоа што ќе бидете друштвени и ќе им се приближите на луѓето можете да го свртите текот на нивните мисли многу поуспешно, отколку со најсилната проповед. Претставувањето на Христа во семејството, покрај огништето, на малите собири во приватните куќи, многу пати е поуспешно во придобивањето души за Исуса, отколку проповед одржана на чист воздух, на мноштвото кое поминува, па дури и во салите и црквите.

Сите оние кои се занимавале со оваа лична работа исто така треба да бидат внимателни да не почнат да ја работат својата работа механички, како што тоа мора да го работи проповедникот кој ја проповеда Божјата Реч. Тие мораат постојано да учат. Треба да вложат совесна ревност за да стекнат поголема оспособеност, да станат луѓе силни во толкувањето на Писмото. Треба да ја негуваат навиката на ментална активност, особено предавајќи се себеси во молитва и посветувајќи се на внимателно изучување на Писмото.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**3/2025**

**Мисионски стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**